**Анета ЈОВКОВСКА**
Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“
Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје

# ВОСПИТУВАЊЕ ВО СТРАВОТ ГОСПОДЕН КАКО ПОЧЕТОК НА МУДРОСТА

*Айсшракш*

Воспитанието во христијанските училишта се разбира како воспитување во духот на Божествената мудрост, пројавена во Словото Божјо. Во суштина, мудроста е чувство за Божјата присутност и сообразување на животот на човекот со Бога. Кој го чувствува Божјото присуство во себеси, не може а да не го почувствува и стравот пред Него. Во Светото писмо „стравот Господен“ се карактеризира како „почеток на мудроста“ (Псалм 110,10, Изреки 1,7; 9,10). Мудроста, пак, се темели на верата во Бога и таа е неразделна од моралното совршенство на човекот.

*Клучни зборови:* мудрост, страв Господен, воспитување, воспитни фактори, принципи на воспитување

* * *

Стравот од Бога е христијанска доблест – такво почитување на бесконечната светост на Бога и голема претпазливост да не се навреди Бог со повреда на Неговата света волја. Тоа развива посебна будност, смирение и непрестајна молитва кај еден христијанин. Христијанинот исполнет со страв од Бога секогаш Го воодушевува Бога, односно тој го смета гневот на Небесниот Татко како најголема несреќа за себе и затоа се обидува да не Го налути Господ Бог.[1]

[1] Според Никифор (Бажанов, Алексей Михайлович), *Иллюстрированная полная популярная библейская энциклопедия*: В 4 вып. / Труд и издание архим. Никифора. Вып. 1-4. - Москва, 1891-1892. - 4 т.; 28.

Нема страв во љубовта, пишува светиот апостол Јован, бидејќи совршената љубов го пади стравот. Кој се бои, не е совршен во љубовта (според 1. Јн. 4, 18). Со моќта на таквото разбирање за совршениот страв Божји, преподобниот Антониј Египетски еднаш зборувал за себе: „Јас повеќе не се плашам од Бога, но Го сакам Бога".

Зошто ни е потребен страв Господен за да се здобиеме со мудрост? Пред да разбереме како стравот Господен води кон мудрост, треба да дефинираме што значи зборот „страв" во овој контекст. Зборот „страв" на старогрчки јазик (φόβος) нема значење на плашење и ужасување, кое, пак, се означува со зборот τρόμος, а φόβος повеќе означува почитување и уважување.[2] Оттука, во христијанството, стравот Господен се разбира како почит кон Бога, манифестиран во свеста и чувството за Божјото присуство; страв од навреда на Бога со кршење на Неговата волја, развој на посебна будност, смирение и молитва, формирани и одржувани во личноста со помош на Божјата благодат.

Во Светото писмо, старогрчкиот збор φόβος кој се преведува со „страв" може да означува неколку работи: Може да се однесува на теророт што се чувствува во застрашувачка ситуација, како на пример во Повторени закони 2,25;[3]

---

[2] Во однос на семантичкото значење, зборот φόβος најнапред претставува состојба на страв, кој е предизвикан од некој друг објект; имено субјектот, кој се наоѓа во состојба на страв е секогаш насочен со цел да се предизвика промена на неговото делување од страна на друг објект или од страна на некое збиднување.

Во субјективна смисла со генетив на предметот претставува состојба која е предизвикана со цел да се промени делувањето на субјектот како вршител на некое дејство (на пример: страв од некого или нешто).

Во објективна смисла се однесува на она што го погодува субјектот со апелативна карактеристика, имено, да го промени неговото делување или неговата состојба во која се наоѓа.

Но, доколку се однесува на веќе познат субјект во контекстот, во која се употребува, φόβος има значење на препорака или апелативност, која се разбира како посочување на почит, односно почитување на авторитет или величие.

[3] „Од денес Јас ќе почнам да сеам страв и ужас пред тебе врз народите под целото небо; оние што ќе чујат за тебе, ќе се смутат и ќе се разболат од лицето твое" (5.Мој. 2,25).

може да значи „почит“ во начинот на кој еден слуга се плаши од својот господар и му служи верно (Исус Навин 24,14);[4] стравот, исто така, може да означува почит или стравопочит која личноста ја чувствува во присуство на величие (Исаија 6,5).[5] Стравот Господен е комбинација на сите горенаведени примери, па така може да се дефинира како „континуирана свесност дека нашиот небесен Отец гледа и оценува сè што мислиме, кажуваме и правиме“ (според Матеј 12,36; Псалм 138,2; Јеремија 12,3). Како што Господ Исус Христос ѝ рече на секоја од седумте цркви во Откровение: „Јас ги познавам твоите дела!“ (Откр. 1 и 2), никој не може да се сокрие од Неговото внимание.

За да развијат учениците страв Господен, потребно е да Го разберат Бога таков каков што навистина е. Потребно е да ја погледнат моќта, убавината и брилијантноста на Господ Бог Кој е семоќен со нивните духовни очи (Откровение 11,17; Осија 12,5; Исаија 6, 1-5). Оние кои се плашат од Бога имаат континуирана свесност за Него, длабока почит кон Него и искрена посветеност да Му служат.

Во Книгата Мудри Соломонови изреки се вели: „Почеток на мудроста е стравот Господов; добро разбираат сите што се раководат од него; а послушноста кон Бога е почеток на разбирањето; само глупавите ги презираат мудроста и поуката“ (Изреки 1,7). Овој стих ни дава дополнителен увид со неговиот антитетички паралелизам – постои остар контраст помеѓу животот на мудрите и животот на глупавите. Мудриот човек се плаши, се восхитува и послушен Му е на Бога. Глупавиот човек ја презира Божјата поука и не дозволува да биде советуван што да прави. Мудриот човек е мудар затоа што ја изградил својата мудрост на почетната основа (односно стравот Господен), глупавиот, пак, нема основа врз која ќе ја гради мудроста.

---

[4] „И така, бојте се од Господа и служете Му со чистота и искреност“ (Исус Навин 24,14).

[5] „И реков: Тешко ми мене, зашто сум човек со нечиста уста и живеам среде народ исто така со нечиста уста, – а очите мои Го видоа Царот Господа Саваот!“ (Исаија 6,5).

Во Посланието до Римјаните, светиот апостол Павле зборува за оние кои „кога Го познаа Бога, не Го прославија како Бог, ниту пак, Му благодарија, туку се заблудија во своите помисли и нивното неразумно срце им се помрачи; наречувајќи се себе мудри, тие обезумија“ (Рим. 1,21-22). Вака ги опишува светиот апостол Павле луѓето кои се обидуваат да се здобијат со мудрост додека го игнорираат Бога. Тоа е невозможно од едноставна причина бидејќи Бог е извор на мудроста.

Врската помеѓу стравот Господен и мудроста значи дека не можеме да поседуваме мудрост ако го „пресоздадеме“ Бог според нашата слика. Многумина сакаат да Го „скротат“ Бога во некој што не се заканува. Но, ако Го редефинираме Господ како бог што нè прави да се чувствуваме удобно, попустлив „пријател“ кој постои едноставно да нè благослови и да ни даде што посакуваме, нема да чувствуваме страв Господен на начин каков што Тој заслужува да биде почитуван. Господ Бог Семоќен е многу повеќе од тоа, а стравот Господен започнува кога Го гледаме во сето Негово величие и моќ (Откровение 4, 11; Јов 42, 1-2). Во Книгата Јов, Бог му покажува на Јов (и на сите нас) еден поглед на Неговата моќ, кога Тој го опишува Неговиот апсолутен суверенитет над сè (Јов 38-41 глава).

Единствено ако нашата побожност произлегува од нашето вистинско познавање на божествената природа, ние ќе бидеме на добар пат да се стекнеме со мудрост. Мудриот човек гледа на животот од Божја перспектива и соодветно на тоа одговара. Мудроста е приоритет и кажано ни е да трагаме по неа пред било што друго во животот, бидејќи „блажен е човекот, кој се здобил со мудрост, и човек што спечалил разум; подобро е да ја добиеме неа, отколку ризници со сребро и злато; таа е поскапа од скапоцени камења; ни едно зло не може да ѝ се спротивстави; таа им е добро позната на сите, што се приближуваат кон неа, ништо, па и сè што ти е мило, не може да се спореди со неа“, запишал мудриот Соломон (Изреки 3, 13-15, спореди со Изреки 16, 16). Изреките се познати како книга за мудроста и целото второ поглавје дава детално објаснување за вредноста на стекнувањето мудрост.

Сепак, доколку нашето срце не е во исправна врска со Бога, не можеме да ја стекнеме „мудроста, што иде одозгора", која е „најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и нелицемерна" (Јаков 3, 17). Без стравот Господен можеме да стекнеме знаење за земните работи и да направиме некои практични избори за овој живот, но ќе ни недостасува единствената состојка со која се дефинира мудрата личност (според Псалм 13, 1; Исход 20, 3; 34, 14; Јеремија 25, 6; Матеј 22, 37). Во параболата за богатиот земјоделец, богатиот човек имал „мудар" и практичен план како да се здобие со профит за долги години, но Бог му рече: „Безумниче, ноќеска ќе ти ја побарам душата твоја; тоа што си го приготвил, кому ќе му остане?" (Лука 12, 16-21). Сè било залудно бидејќи земјоделецот ги правел своите планови без размислување за Бога и вечноста.

Без страв од Бога донесуваме конечни одлуки засновани врз нашето погрешно човечко разбирање (Изреки 3, 5-6). Ако, пак, го вклучиме стравот Господен во секој момент од нашиот живот, ќе донесуваме одлуки засновани врз Божјото одобрение. На тој начин живееме со знаење дека Создателот на универзумот е интимно вклучен во секое наше дело. Тој ги гледа, знае и ги оценува сите наши избори и ние соодветно на тоа ќе Му одговориме (според Псалм 138, 1-4).

Нашата почит кон Божјото величие предизвикува да Му се восхитуваме на Бога (Псалм 29, 2); Нашата благодарност за Неговата милост предизвикува да Му служиме добро (Псалм 2, 11; 106, 15); И разбирањето дека нашиот Бог на љубовта е исто така и Бог на гневот, инспирира доволно страв да ни помогне да останеме подалеку од злото (Римјаните 1, 18; Изреки 8, 13). Гревот го прави човекот глупав, праведноста, пак, го прави мудар. Кога живееме исправно, ние сме на патот кон мудроста и секој кој е во нашиот живот има корист од тоа (Изреки 13, 20; 19, 8).

Кога стравот од Бога ќе се всели во срцето ќе му ги покаже сите негови гревови. „Душата која има страв од Бога не се плаши од ништо што му штети на телото затоа што се потпира на Бога сега и во сите векови", вели свети Исак Сирин.[6]

[6] Преподобный Исаак Сирин, цитирано дело, 189.

Свети Јован Златоуст нè поучува на истото кога вели: „Нема зло што стравот од Бога не би го уништил. Исто како што огнот дури и најрѓосаното железо го прави јасно и светло, го чисти и целосно ја коригира штетата, така и стравот од Бога прави сè за кратко време и не дозволува ништо да му наштети на оној кај кого е таквиот страв присутен.“[7]

Добродетелниот човек, имајќи во себе страв Божји, е помудар од сите. Затоа одреден мудрец рекол: „Стравот Господен е почеток на мудроста“ (Изреки 1,7). Бидејќи да се плашиш од Бога значи да поседуваш мудрост. Порочниот човек нема страв од Бога, затоа, без сомнение, е лишен од вистинската мудрост бидејќи секоја премудрост е од Бога (според Сир. 1, 1).

Но, кога стравот, наместо да биде насочен кон вечната правда на последниот суд, се насочува кон телесното (на пример: страв од смртта), тогаш таквиот страв е сатански, бидејќи таквиот човек има колеблива вера во Божјата промисла и заборава дека Бог се грижи и промислува за сè (Псалм 24, 14; 33, 16; 90, 10-11). Човекот кој го опседнал таков страв почнува да се плаши за својот живот, за својата социјална позиција; тој се плаши дека ќе му се случи некаква несреќа; дека ќе биде ограбен или ќе доживее некаква елементарна непогода; дека ќе се разболи итн. Таквиот човек почнува да се плаши да престојува и во темна просторија иако вели дека не верува во демони и секој ненадеен звук ќе го води до страв и збунетост. Само стравот од Бога нè ослободува од стравот од луѓето.

Свети Јован Лествичник дал детално објаснување за потеклото и обемот на ваквиот страв. Според светителот, ваквиот страв е отстапување од верата во очекување на неочекувани проблеми. Гордиот човек е роб на ваквиот страв. Тој верува во себе, а се плаши од звукот на мали суштества или од сопствената сенка.[8]

„Стравот Божји не може да се спореди со ниту едно друго телесно чувство. Тој е сосема ново чувство бидејќи е

---

[7] Святитель Иоанн Златоуст, *Собрание сочинений*. Том двенадцатый. Книга первая, пристапено на: https://lib.pravmir.ru/library/readbook/1101/

[8] Преподобный Иоанн Лествичник, цитирано дело.

дело на Светиот Дух. Чувствувајќи го стравот Божји за време на молитвата, го чувствуваме божественото присуство, го гледаме невидливото и знаеме дека молитвата е очекување на страшниот Божји суд“, вели владиката Игнатиј (Брајанчанинов).[9] Оној кој има страв Божји јавно и тајно, односно и пред луѓето и кога е сам, е заштитен од сите гревови затоа што секогаш Го гледа пред себе Бога. Дали седи во домот – Господ Бог е со него; го напушта ли домот – Бог не го остава; и кога оди по патот – Бог е со него; без разлика дали е во град или пустина, со или без луѓе – Бог не се повлекува од него.

Коренот на богоугодниот живот е стравот Господен. Кога тој доаѓа во човекот, тогаш како креативна сила сè во него обновува и пресоздава – духовен космос. Во контекст на ова, во Библијата е запишано: „Ако ги повикаш знаењето и разумот; ако ги бараш како сребро и ги истражуваш како ризница, – ќе го разбереш стравот Господов и ќе го најдеш знаењето за Бога. Зашто Господ дава мудрост; од устата Негова доаѓа знаењето и разумот“ (Изреки 2, 3-6).

Како да се стекнеме со страв Божји? Стравот од Бога е духовно чувство кое е скриено во срцето на човекот. Тој е присутен во нас, само придушен. Потребно е да го разгориме. За да го направиме ова, треба да му дадеме глас на нашиот разум и со отворено срце да ја примиме Вистината. Оној кој до сега не му дал на разумот глас, тој е во ропство и не се осмелува да говори разумно. Размислувањето за стравот од Бога и нашите напори да го разгориме ни помагаат само делумно да се здобиеме со страв Божји, бидејќи тој ни се дава од Бога како Божји дар. Потребно е со усрдна молитва да бараме од Бога таков дар и ќе ни биде даден. А кога ќе ни се даде, тогаш треба да го почитуваме и секоја наша неправда тој ќе ја исправи.

Стравот Господов ја мрази неправдата; ја мрази гордоста и високомерноста, лошиот пат и подмолната уста (според Изреки 8, 13). И ако ги мрази, ќе ги избрка од човекот. Ако тие се оддалечат, душата на човекот ќе се очисти и ќе стои исправено пред Бога. А токму тоа е она кое го бара човекот

[9] Епископ Игнатий (Брянчанинов), *Приношение современному монашеству*, Москва 2018, 53.

кој верува во Бога. Доколку го разгориме стравот од Бога во себе, ќе имаме најмоќно средство за самолекување. Стравот од Бога нема да ни дозволи да грешиме и ќе нѐ поттикне да правиме добри дела. И заповедта која пророкот им ја дава на оние кои се во потрага по вистински живот ќе се исполни: „Нека се клони од зло и нека прави добро“ (Псалм 33, 14).

Стравот Божји нѐ води кон свет и богоугоден живот. Светиот апостол Петар нѐ поучува на ова, притоа упатувајќи нѐ да ги земеме предвид ужасните Божји пресуди и казни за оние кои не подлежат на Неговата волја: „Зашто Бог, кога не ги поштеди ангелите што згрешија, туку ги турна во пеколот со вериги на мракот, ги предаде да бидат пазени за судот; и кога не го поштеди првиот свет, туку, кога нанесе потоп на безбожниот свет, го запази само осмочлениот Ноја, проповедникот на правдата; И градовите Содом и Гомор ги осуди на разурнување и ги претвори во пепел, па ги остави како пример на идните безбожници“ (2. Петр. 2, 4-6). Тогаш, нема ли Бог да нѐ уништи и нас доколку не Го слушаме Неговиот глас? Затоа, сите овие примери нека ни бидат како чувар, потсетувајќи се на нив додека седиме во тишината на ноќта. Така, ќе го распламтиме во нас стравот Божји, плашејќи се од гревот.

Стравот Божји не значи да се плашиме од Бога, како што се плашиме од молња и грмотевици. „Стравот од Бога значи да се плашиме да не го изгубиме чувството на исполнетост, чувството за вечност, чувството за божественото. Тоа е највоозвишеното чувство кое може да го поседува една личност, дури и кога човекот не е свесен за тоа. Таквото чувство човекот може да го изгуби за одредено време или пак засекогаш. Тоа е она од кое треба да се плашиме“, вели свештеникот Александар Мењ.[10]

Преку стравот човекот ја достигнува љубовта. „Познавајќи се себеси се здобиваме со разум за стравот Господен и одејќи во него стигнуваме до портата на љубовта“, вели свети Јован Лествичник и додава: „Умножувањето на стра-

[10] Александр Волфович Мень, *Культура и духовное восхождение*, Искусство, 1992, 324.

вот од Бога е почеток на љубовта.“[11] „Како што е невозможно да се преплива морето без кораб, така никој не може да ја достигне љубовта без страв. Низ задушливото море помеѓу нас и духовниот рај може да патуваме само со коработ на покајанието на кој има весла од страв. Но, ако овие весла на стравот не го исправуваат коработ на покајанието со кое се приближуваме кон Бога, тогаш ќе се удавиме во морето. Покајанието е кораб, а стравот е нејзин кормилар, љубовта, пак, е божествено пристаниште. Затоа стравот нè носи на бродот на покајанието низ морето на животот и нè води кон божественото пристаниште, а тоа е љубовта. До ова пристаниште доаѓаат сите оние кои се трудат и се обременети со покајание. И кога ќе ја достигнеме љубовта, тогаш го достигнуваме Бога и нашиот пат е остварен“, вели преподобен Исак Сирин.[12] И така, достигнувајќи до Бога, се стекнуваме со совршена љубов и тогаш стравот исчезнува, бидејќи совршената љубов го уништува стравот, а оној кој се плаши не е совршен во љубовта (според 1. Јн. 4,18).

Според Ава Херемон Египетски, три мотиви ги принудуваат луѓето да ги избегнуваат пороците: стравот од идните маки во пеколот; надежта и желбата да го примат Царството Небесно и љубовта кон добродетелите (Изреки. 8, 13; Псалм 33, 23; 1 Кор. 13, 8). Затоа светиот апостол Павле целото дело за спасението го поставил врз основа на исполнувањето на трите основни добродетели: „А сега остануваат овие три работи: верата, надежта и љубовта“, запишал апостолот (2. Кор. 13,13). Верата во стравот од идниот суд и маки нè оддалечува од пороците; надежта во очекување на небесната правда нè

[11] Преподобный Иоанн Лествичник, *Лествица или Скрижали духовные*. Слово 25. Об искоренителе страстей, высочайшем смиренномудрии, бывающем в невидимом чувстве, Москва 1994, пристапено на: https://azbyka.ru/otechnik/Ioann_Lestvichnik/lestvitsa-ili-skrizhali-dukhovnye/30.

[12] Преподобный Исаак Сирин, *Изборник*, МИНСК Свято-Елисаветинский монастырь, 2010, 162, пристапено на: https://azbyka.ru/otechnik/books/original/20213-%D0%9F%D1%80%D0%B5%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B1%D0%BD%D1%8B%D0%B9-%D0%98%D1%81%D0%B0%D0%B0%D0%BA-%D0%A1%D0%B8%D1%80%D0%B8%D0%BD-(%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80%D0%BD%D0%B8%D0%BA).pdf.

мотивира да ги презреме сите телесни задоволства, а љубовта ја распламтува во нашите души љубовта кон Христа и ни ги открива духовните доблести, форсирајќи нè со голема ревност да се одвратиме од сè што е спротивно на нив.

Иако овие три доблести очигледно нè водат кон една единствена цел, степените на нивната супериорност се многу различни. Првите две се карактеристични за оние луѓе кои се обидуваат да успеат во доблестите, но сè уште немаат постојана расположеност за нив, а третата особено Му припаѓа на Бога и на луѓето кои во себе го востановиле образот и подобието Божјо.[13]

Затоа, оној кој се стреми кон совршенство, од првиот степен на страв, всушност наречен ропски (според Лука 17, 10), треба постепено да се искачува на патот на надежта. Тука човекот повеќе не се споредува со роб, затоа што дејствува во очекување на идната правда. Уверен во простувањето на своите гревови, тој повеќе не се плаши од казна за нив, но, признавајќи ги добрите дела во себе се надева на милостива награда. Но, и покрај тоа, тој сè уште нема во себе такво расположение кое приличи за син. Во целосна надеж за татковска добра волја кон себеси, тој не се двоуми да асимилира сè што Му припаѓа на неговиот Татко.

Голема е разликата помеѓу оние кои со страв од пеколот или надеж за небесна правда го гаснат пламенот на пороците во себе и оние кои се ужаснуваат од порочноста и нечистотијата раководени од чувството на божествена љубов. Во таквата состојба, човекот дури и да немал ниту еден сведок на своите дела, нема да се осмели да ја искористи можноста за чинење грев и не може да биде однесен од најтаинствените заводливи мисли затоа што има искрена љубов кон доблеста. Тој, не само што не прифаќа во своето срце ништо спротивно на неа, туку и се гади од тоа со големо ужасување.

Понекогаш, овој трет услов се нарекува совршен страв. Кај ава Доротеј читаме дека постојат два вида страв: едниот почетен, а другиот совршен. На пример, оној кој ја извршува

---

[13] Кассиан Иоанн, *Сочинения: собеседование аввы Херемона (первое) о совершенстве*, пристапено на: https://religion.wikireading.ru/113129.

волјата Божја поттикнат од стравот од адските маки поседува почетен страв бидејќи тој не прави добро за самото добро, туку поради страв од казна. Другиот, кој ја исполнува волјата Божја од љубов кон Бога, сакајќи Го Бога со цел да Му угоди, знае што значи да се биде со Бога и не постапува според Божјата волја мотивиран од стравот од казна и за да избегне измачување, туку затоа што тој, откако ја вкусил самата сладост на престојот со Бога, се плаши да не ја изгуби истата. И овој совршен страв, роден од таквата љубов, го отфрла првичниот страв. Затоа светиот апостол Јован вели: „Совршената љубов го пади стравот“ (1. Јн. 4,18). Бидејќи вистинскиот страв Господен е дар од Бога, кој води по патеките на љубовта, како што вели Сирах (Сир. 1, 13). Ние треба да го молиме Бога со усрдна молитва за да се здобиеме со таков страв.

Оној кој ќе се закотви на основата на совршената љубов, тој сигурно ќе се искачи на највисокиот степен на тој посебен страв, кој се раѓа не од страв од казна и не од желба за награди, туку од голема љубов. Тоа е таков страв со кој синот се плаши од најнежниот татко, или брат од брата си, или едни од други или сопружниците меѓусебно; овде не се плашиме од казна или укорување, туку од најмала навреда кон љубовта и секогаш сме во најголем страв дека не само со дело, туку и со збор би можеле да го оладиме мирисот на љубовта кон нас.

Пророкот Исаија го прикажал достоинството на ваквиот страв велејќи: „Ќе настанат твоите безопасни времиња, изобилно спасение, мудрост и знаење; стравот од Господа ќе биде твоето богатство“ (Исаија 33,6). Пророкот најпрецизно го изразил овде достоинството и корисноста на овој страв прикажувајќи го како богатство на нашето спасение, кое се состои во божествена мудрост и знаење. Ете, токму кон таквиот страв нè повикуваат и пророците и апостолите. „Бојте се од Господа, сите праведници Негови, затоа што ништо нема да им недостасува на оние кои се плашат од Него“, вели псалмопеецот Давид (Псалми 33, 9).

Светиот апостол Јован јасно зборува за уште еден вознемирувачки страв: плашете се да не бидете во совршена љубов! (според 1. Јн. 4,18). Следствено, постои голема разлика помеѓу тој страв на кој не му недостасува ништо, што

е богатство на мудроста и знаењето и тој несовршен страв, кој се нарекува почеток на мудроста (Псалм 110, 10) и кој го има во себе квасот да нарасне до достигнување на полнотата на љубовта од срцата на совршените луѓе. Стравот го нема во љубовта, но совршената љубов го изгонува стравот (според 1. Јн. 4, 18). Навистина, ако стравот претставува почеток на мудроста, тогаш какво би можело да биде неговото совршенство ако не во љубовта кон Христа, која комбинирајќи го стравот со совршена љубов, повеќе не се нарекува почеток на мудроста, туку богатство на мудроста и разумот?

Така, можеме да тврдиме дека постои почетнички страв кој е присутен кај оние кои сѐ уште се наоѓаат под јаремот на ропскиот страв, кој го спомнува пророкот Малахија: слугата ќе се плаши од господарот свој (според Мал. 1,6), исто така се спомнува и во Евангелието според светиот апостол Јован Богослов: „Не ве наречувам веќе слуги, зашто слугата не знае што работи господарот“ (Јован 15, 15) и затоа тој вели: „А робот не останува вечно дома“ (Јован. 8, 35). Спасителот нѐ охрабрува да преминеме од состојба на ропски страв во состојба на целосна слобода во љубовта и чеда Божји. Исто така, светиот апостол Павле вели: „Бог не ни го даде духот на стравот, туку духот на силата, љубовта и трезвеноста“ (2. Тим. 1,7).

И оние кои гореа со совршена љубов кон небесниот Отец, Бог ги посвои и од робови станаа синови. За нив светиот апостол Павле пишува: „оти вие не примивте дух на ропство за да бидете во страв, туку Го примивте Духот на посинувањето, преку Кого велиме: Ава, Оче!“ (Рим. 8, 15). Пророкот Исаија при опишувањето на седумкратната благодат на Светиот Дух, која се спушта на воплотениот Син Божји, вели: „Ќе почива врз Него Духот Господов, дух на премудрост и разум, дух на совет и крепост, дух на знаење и благочестивост; ќе се исполни со страв Господов“ (Исаија 11, 2-3). Овде, особено треба да се обрне внимание на фактот дека пророкот не вели: Стравот Господов ќе почива врз Него, како што вели за претходните дарови, но вели: „ќе се исполни со страв Господов“. Затоа што овој Дух е толку обилен што

ако некогаш прегрне некого со својата моќ, ќе ја освои целата негова душа, а не само еден дел од неа. Треба да биде така затоа што стравот соединет со љубовта не само што го исполнува оној што ги поседува, туку и постојано и нераздел-но се придржува кон него, не намалувајќи се од какви било привремени задоволства и радости (спореди со 1. Кор. 13, 8). Затоа, тој страв со кој бил исполнет Богочовекот, Кој дојде не само за да го искупи човековиот род, туку и да покаже модел на совршенство и пример од сите доблести, е совршен страв. Ропски страв Синот Божји не може да има бидејќи никаков грев не направил, ниту пак во устата Негова се најде измама (според 1. Петр. 2,22).

Оттука, стравот пред Бога се јавува како основен принцип на воспитанието во духовните училишта. Тоа, особено фино, блажено чувство лежи во основата на дисциплината во Црквата. Тоа е основата на дисциплината и во духовните училишта.

Воспитанието во духовните училишта е воспитание во стравот Божји. Без присуството на стравот Божји во душите на учениците, наставниците и воспитувачите, воспитанието во духовните училишта не може да ја достигне својата крајна цел – формирање на вистински, утврдени во верата свештенослужители, пастири и учители во Црквата. Никој не може да дојде до едно вистинско мудро живеење без таквото чувство. Затоа и тоа се нарекува почеток на мудроста. Како такво, тоа е почеток и на свештенослужењето и на секоја друга служба во Црквата. Доколку не е присутно тоа чувство, пастирското служење се спроведува формално и грубо кариеристичко. Така се спроведува и секое друго служење во Црквата без присуството на стравот Божји. Никој не може да дојде до вистинско мудро живеење, односно до сообразување со божествените норми и барања без таквото чувство.

Чувството на страв Божји е природен плод на чувството за светоста (Откр. 15, 4) и величието Божјо (5. Мој. 10, 17), како и на сознанието за страшниот Божји суд (Псалми 75, 8; Исаија 33, 22; Дела 17, 31; 2. Кор. 5, 10-11).

Принципот за стравот Божји се наметнува во сознанието на учениците толку посилно и потврдо, колку што самите наставници го спроведуваат наставно-воспитниот процес под знакот на тоа чувство и колку учениците сѐ подлабоко размислуваат за зборовите на светиот апостол Павле: „Страшно е да се падне во рацете на живиот Бог“ (Евр. 10, 31); „Не лажете се: Бог не позволува да биде поруган. Што ќе си посее човекот, тоа и ќе си жнее“ (Гал. 6, 7).

Кога духовните воспитаници чувствуваат страв Божји во суштинската смисла на зборот, душите им се отвораат широко за секое друго благородно воспитно дејство. Тие гледаат на себеси со почитување како на храм Божји и се стремат да го запазат секогаш чист и свет. Стануваат внимателни кон словото Божјо, го изучуваат со љубов, а се стремат да се збогатат и со сите други знаења и умеења кои ќе ги направат достојни Божји служители. Чувството на страв пред Бога буди кај нив порив од други благородни чувства на љубов кон луѓето, на преданост во исполнувањето на секоја задача, која носи успех за Црквата и одделни луѓе. Стравот Божји ја гасне кај учениците секоја лоша мисла која е во зародиш, ги скротува страстите, ги задушува поривите на своеволието, буди во нив стремеж кон благородни дела, ги прави скромни, а од друга страна великодушни и цврсти.

Воспитанието во стравот Божји е, всушност, животорадосно воспитание. Принципот на радост во животот доаѓа од имплементираната претстава во сознанието за Бог како Бог на радоста. Во основата на таа претстава лежи евангелското разбирање за Бога како Отец на луѓето и за луѓето како чеда Божји. Тоа разбирање го надминува древниот ропски страв и го заменува со синовско стравопочитување, кое се пројавува во љубов кон себлагиот и праведен небесен Отец.

Суштината на тоа чувство светиот апостол Павле ја карактеризира вака: „Оти вие не примивте дух на ропство, за да бидете во страв, туку Го примивте Духот на посинувањето... Самиот Дух му сведочи на нашиот дух дека ние сме чеда Божји. А ако сме, пак, чеда ние сме и наследници Христови,

но само ако со Него страдаме, та со Него и да се прославиме“ (Рим. 8, 15-17).

Од сето горенаведено можеме да заклучиме дека воспитанието во духовните училишта, во својата длабока интимна суштина се јавува како воспитание „во науката и стравот Господов“ (Ефес. 6, 4), како сестрано помагање на духовните воспитаници за напредување „во благодатта и во познавањето на нашиот Господ и Спасител Исус Христос“ (2. Петр. 3, 18) „во Кого се скриени сите сокровишта на мудроста и знаењето“ (Кол. 2, 3).